# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА РЕСЕН


| | | |
|---|---|---|
| **Службен гласник на Општина Ресен**<br>**-излегува по потреба** | **петок 08.06.2018 год.**<br>**бр.8 година 53**<br>**Ресен** | **Уредува**<br>**Стручна служба**<br>**Тел. 047/551- 483** |


## AKT I NA OP [ T I NA RESEN

**1.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програмата Ф – Урбано планирање
Ф10 Урбанистичко планирање Измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2018 година

Се прогласува Програмата Ф – Урбано планирање Ф10 Урбанистичко планирање Измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2018 година, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 07.06.2018 година.

Бр.09-1198/1
08.06.2018 година
Р е с е н

Градоначалник
Живко Гошаревски с.р.

Врз основа на чл. 17 став 1и 2 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (,,Сл. Весник Р.М. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16 и 64/18) и член 23 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр. 7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) Советот на Општина Ресен на седница одржана на 07.06.2018 год. донесе:

П Р О Г Р А М А

Ф – Урбано планирање
Ф10 – Урбанистичко планирање

Измена и дополна на програмата за изработка
на урбанистички планови
во Општина Ресен во 2018 година

Вовед

**I.** Со оваа Програма за Измена и дополна за изработка на урбанистичи планови во Општина Ресен во 2018 година се планираат активности за изработка на урбанистички планови како и нивни измени и дополнувања врз основа на анализата на постојните планови, анализата на реализацијата на плановите, застареност на плановите, нивна неусогласеност со новонастанатите општествени промени, и новите законски прописи за урбанистичко планирање. Така во делот на V.Планови кои ке се финансирани од физички и правни лица – урбаничка планска документација ; се додава точка 19.(Деветнаесет) во:

V. Планови кои ќе се финансирани од физички и правни лица

19. Изработка на УПВНМ м.в.,,МАКАЗИ,, ЗОНА 3 КО Козјак

Граници на опфат

Границите на планскиот опфат на УПВНМ ,,МАКАЗИ намена Г2 лесна незагадувачка индустрија со 30% компатибилни намени во КО КОЗЈАК, Општина Ресен и се движи по :

- На север : Се граничи со КП 226 односно се движи по границите на КП165/2 ; КП223; КП222; КП225; КП205 до КП204.
- На исток : Продолжува на Источната страна по граница на КП 205 со КП 204
- На југ : Продолжува по јужната страна на КП 205;КП221; КП 220/1; КП 219/1; КП 218/1; КП217/1 и КП215 односно на граница со КП 214.
- На запад: Продолжува на запад по границата на магистралниот пат А3, Ресен-Битола односно КП 1255 , КП1242/4,до КП 226

Вкупна површина на плански опфат изнесува П= 4,2733ха.

Урбанистичкиот план ќе биде финансиран од физички и правни лица .

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1148/4 Претседател
07.06.2018год. Никола Станковски с.р.
Ресен

**2.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа (,,Службен весник на РМ'' бр.5/02) а во врска со член 71 став 1 алинеа 3 од Статутот на Општина Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр.7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015) донесувам

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за отпочнување на постапка за пристапување кон донесување на УПВНМ за м.в. ,,Макази,, ЗОНА 3 КО Козјак Општина Ресен за изградба на објекти со намена на Г2 лесна незагадувачка индустрија

Се прогласува Одлуката за отпочнување на постапка за пристапување кон донесување на УПВНМ за м.в. ,,Макази,, ЗОНА 3 КО Козјак Општина Ресен за изградба на објекти со намена на Г2 лесна незагадувачка индустрија, што Советот на Општина Ресен ја донесе на седницата одржана на 07.06.2018 година.

Бр.09-1198/2
08.06.2018 година
Р е с е н

Градоначалник
Живко Гошаревски с.р.

Врз основа на член 23 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ број 199/14, 44/15, 193/15, 31/16 и 163/16 и 64/18), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на Р. М. " бр.5/02), и член 16 став1,точка1 и член 23 став1 точка 6 од Статутот на Општината Ресен (,,Службен гласник на Општина Ресен'' бр. 7/2010, 13/2013, 8/2015 и 11/2015), Советот на Општина Ресен на седницата одржана на 07.06. 2018год. ,донесе

О Д Л У К А
за отпочнување на постапка за пристапување кон донесување на УПВНМ за м.в. ,,Макази,, ЗОНА 3 КО Козјак Општина Ресен за изградба на објекти со намена на Г2 лесна незагадувачка индустрија

Член 1

Се одобрува отпочнување постапка за пристапување и донесување на Урбанистичка планска документацијаза изградба на објекти со намена Г2 лесна незагадувачка индустрија со 30% на компатибилни намени на класи м.в.,, Макази,, ЗОНА 3 КО Козјак, во површина од П= 4,2733ха. ,Општина Ресен

Граници на опфат

Границите на планскиот опфат на УПВНМ ,,МАКАЗИ,, Зона 3 намена Г2 лесна незагадувачка индустрија со 30%копатибилни намени на класи во КО Козјак,Општина Ресен и се движи по :

- На север : Се граничи со КП 226 односно се движи по границите на КП165/2 ; КП223; КП222; КП225; КП205 до КП204.

- На исток : Продолжува на Источната страна по граница на КП 205 со КП 204

- На југ : Продолжува по јужната страна на КП 205;КП221; КП 220/1; КП 219/1; КП 218/1; КП217/1 и КП215 односно на граница со КП 214.

- На запад: Продолжува на запад по границата на магистралниот пат А3, Ресен-Битола односно КП 1255 , КП1242/4,до КП 226

Вкупна површина на плански опфат изнесува П= 4,2733ха.

Член 2

Финансирањето на изработка на планот ќе се врши со средства на поднесувачот на иницијативата /инвеститор/ правни и физички лица.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Ресен.

СОВЕТ НА ОПШТИНА РЕСЕН

Бр.08-1148/5
07.06.2018год
Ресен

Претседател
Никола Станковски с.р.

Република Македонија
ОПШТИНА РЕСЕН
бр. 09 - 1213/1
12.06 20 18 год.
РЕСЕН

Врз основа на член 119 став 2 од Статутот на Општина Ресен („Службен гласник на Општина Ресен"бр.7/2010 и 13/2013, 5/2015 и 11/2015 ), Градоначалникот на Општина Ресен, донесе

# О Д Л У К А
## За распишување на избори на членови на Советот на месната заедница Подмочани

### Член 1

Со оваа Одлука се распишуваат избори за избор на членови на Советот во месната заедница с. Подмочани .

### Член 2

Изборите ќе се спроведат на Собир на граѓани во месната заедница Подмочани, во текот на месец јуни 2018 година.

### Член 3

Претседателот на Советот на месната заедница се задолжува да определи време и место за свикување на собирот на граѓаните.

За времето и местото на одржување на собирот должни се да го известат Градоначалникот на Општина Ресен.

### Член 4

Собирот на граѓани на кои ќе се врши избор на членови за советот на месната заедница ќе го водат лица овластени од Градоначалникот на општината.

### Член 5

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник,
Живко Гошаревски

**С О Д Р Ж И Н А:**

1. Програма Ф – Урбано планирање Ф10 – Урбанистичко планирање Измена и дополна на програмата за изработка на урбанистички планови во Општина Ресен во 2018 година..........................................................................................................стр.2

2. Одлука за отпочнување на постапка за пристапување кон донесување на УПВНМ за м.в. ,,Макази,, ЗОНА 3 КО Козјак Општина Ресен за изградба на објекти со намена на Г2 лесна незагадувачка индустрија………...........................................................................стр.4

3. Одлука за распишување на избори на членови на Советот на месна заедница Подмочани.......................................................................стр. 6